Република Северна Македонија
**Министерство за култура**
Одделение за управување со човечки ресурси

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës**
Departmenti për Menaxhimin E Resurseve Njerëzore

04-3427/3
01.04.2021

Врз основа на член 11, член 30 став 1 алинеа 2, став 3 и став 5, член 48 и член 49 од Законот за административни службеници ("Сл. весник на Р.М." бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 5/2016, 142/2016 и 11/2018) и "Сл.весник на РСМ" бр.275/19 и 14/20), а во согласност Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас,начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто,како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција,во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас ("Сл. весник на Р.М." бр.11/2015 и 35/2018), министерот на Министерството за култура објавува :

# ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ 01/2021
## за унапредување на административни службеници во Министерството за култура

Се распишува Интерен оглас за унапредување на 4 (четворица) административни службеници за следните работни места:

1.Ниво Б2, шифра УПР 01 01 Б02 000, Раководител на сектор за издавачка дејност- 1 извршител;

**Посебни услови :**

Степен и вид на образование:ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен - наука за книжевноста

Работно искуство : најмалку пет години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку осум години работно искуство во струката од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор;

**Посебни работни компетенции:**

- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски),
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење

2.Ниво Б2, шифра УПР 01 01 Б02 000, Раководител на сектор за заштита на културното наследство- 1 извршител;

**Посебни услови :**

Степен и вид на образование:ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен - наука за книжевноста , историја на уметност и археологија


Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. "Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23207411
www.kultura.gov.mk

Работно искуство : најмалку пет години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку осум години работно искуство во струката од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор;

**Посебни работни компетенции:**

- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски),
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење

3.Ниво Б2, шифра УПР 01 01 Б02 000, Раководител на сектор за финансиски прашања- 1 извршител;

**Посебни услови :**

Степен и вид на образование:ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен - економски науки,организациони науки и управување (менаџмент)

Работно искуство : најмалку пет години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку осум години работно искуство во струката од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор;

**Посебни работни компетенции:**

- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски),
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење

4.Ниво В1 шифра УПР 01 01 В01 000, Советник за планирање на билатерална културна соработка – 1 извршител

**Посебни услови :**

Степен и вид на образование:ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен - наука за книжевноста,политички науки

Работно искуство : најмалку три години работно искуство во струката;

**Посебни работни компетенции:**

- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски),
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење

**Општи услови:**

- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место ;
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност
- да е оценет со оцена „А" или „Б" при последното оценување,
- да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас,
- да поминал најмалку две години на исто ниво и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

**Распоред на работното време:**

Дневното и неделното работно време е од 7:30/8:30 часот до 15:30/16:30 часот, од понеделник до петок

Платата за работните места под реден број 1, 2 и 3 е во паричен нето износ од 37.646 денари а за работното место под реден број 4 е во паричен нето износ од 26.278 денари.

Заинтересираните кандидати треба да поднесат пополнета пријава и докази за податоците содржани во пријавата преку архивата на Министерството за култура до Одделението за управување со човечки ресурси и до службената електронска адреса на Одделението за управување со човечки ресурси hr@kultura.gov.mk

Кандидатите кон пријавата покрај доказите за исполнување на општите и посебните услови, можат да ги приложат и следните докази

- потврди за успешно реализирани обуки и/или
- потврди за успешно реализирано менторство

Рокот за поднесување на пријавата со доказите трае 5 (пет) дена од денот на објавување на интерниот оглас.


Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23207413
www.kultura.gov.mk

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни а доставените докази верни на оригиналот.

НАПОМЕНА: Кандидатот кој ќе внесе лажни податоци во пријавата или се утврди дека внел лажни податоци, ќе биде дисквалификуван од натамошна постапка по овој оглас.

Со почит,

МИНИСТЕР
*Ирена Стефоска*

Подготвил: И.Стевковска